ДРЖАВНА
ИЗБОРНА
КОМИСИЈА

# СТРАТЕШКИ ПЛАН

## ЗА ПЕРИОДОТ 2025 – 2028



МАРТ, 2025

ДРЖАВНА
ИЗБОРНА
КОМИСИЈА

*Стратешкиот план на Државната изборна комисија  за периодот 2025-2028 е подготвен во рамките на Програмата за поддршка на изборите на Швајцарската соработка во Северна Македонија, спроведена од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС). Ставовите, мислењата и содржините изразени во овој документ не мора да ги одразуваат ставовите на донаторот, проектот или имплементаторот.*

ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

# СОДРЖИНА


| | | |
|---|---|---|
| 1. | ВОВЕД | 6 |
| 2. | ПРЕГЛЕД НА ПРИОРИТЕТИТЕ И ЦЕЛИТЕ ЗА ПЕРИОДОТ 2025 – 2028 ГОДИНА | 7 |
| 3. | ДЕТАЛЕН ПРЕГЛЕД НА СТРАТЕШКИТЕ ПРИОРИТЕТИ | 19 |
| 4. | РАМКА И МЕХАНИЗМИ ЗА СЛЕДЕЊЕ И РЕВИЗИЈА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН | 50 |
| 5. | ПРИЛОЗИ | 51 |
| 6. | ПРАВНА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА НА ДИК | 57 |

# ВОВЕДНО ОБРАЌАЊЕ

Државната изборна комисија (ДИК) е единствена, самостојна и независна институција која се грижи за организација, подготовка и спроведување на изборите во Република Северна Македонија. Своето работење го темели на стручноста и професионалноста која ја поседува раководната структура и стручната служба, а во своето работење се раководи согласно Уставот, законските прописи, меѓународните стандарди и позитивните меѓународни искуства.

Ориентирани кон постојано усовршување на изборниот процес, ДИК се залага за унапредување на организацијата на изборите со цел да се одговори на потребите на сите чинители и да се овозможи подеднаков пристап во остварување на гласачкото право на секој граѓанин.

Легитимни, слободни и кредибилни избори се нашата главна цел што се потврдува повеќе години наназад во извештаите на ОДИХР. Почитувањето на демократските вредности и интегритетот се главните одредници на кои се заснова нашето работење. Одржувањето на врската со граѓаните и медиумите, меѓу-институционалната соработка и конекцијата со домашната и меѓународна јавност ни овозможува да ја афирмираме институцијата и да овозможиме транспарентност и инклузивност во нашето делување.

Стратешкиот план 2025-2028 е резултат на заложбите на сите вклучени субјекти во изборниот процес, со цел организирање на законити, демократски и слободни избори зачувувајќи го професионалниот и институционален дигнитет. Основната цел на овој план е да постави четиригодишна стратегија за работењето на ДИК, унапредување на работата на ДИК преку навремено и соодветно планирање на целите и активностите и тоа во насока на остварување на мисијата и визијата на институцијата.

Врз основа на искуството од минатиот четиригодишен период, се утврдија единаесет приоритети и за секој од нив се поставија посебни цели и дефинираа специфични активности. Во рамки на овој план ДИК постави динамика на реализација и индикатори за успешност кои ќе бидат основа за евалуација и надградување на планот во иднина.

Успешното спроведување на Стратешкиот план се очекува да придонесе кон успешни изборни процеси и зацврстување на довербата на граѓаните во изборите како и да го одржи угледот на институцијата на државно и меѓународно ниво.

**Државна изборна комисија**
**Претседател**
**Борис Кондарко**

## ВИЗИЈА НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Државната изборна комисија како стручна, професионална и независна институција, во своето работење се раководи согласно Уставот, законите и општоприфатените меѓународни стандарди, конвенции и добрите практики во изборите. Во чекор со современите текови, ДИК континуирано се залага за создавање на подеднакви услови и унапредување на изборниот процес согласно своите надлежности. Преку ефикасно и ефективно спроведување на изборниот процес, ДИК обезбедува еднаков пристап до остварување на избирачките права и почитување на сите процедури и за сите чинители во изборниот процес. ДИК претставува гарант за законитоста и транспарентноста на спроведувањето на изборите како основа на демократијата во државата.

## МИСИЈА НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Државната изборна комисија, преку целосна имплементација на Изборниот законик, овозможува еднакво, општо и непосредно избирачко право, кое се остварува на слободни избори со тајно гласање и обезбедува рамноправни услови за сите учесници во изборниот процес. Државната изборна комисија преку успешно спроведување на изборите придонесува за зголемена доверба во изборниот процес како основа за демократскиот капацитет на Република Северна Македонија.

## УСТАВНОСТ И ЗАКОНИТОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Во своето работење, Државната изборна комисија ги применува Уставот, законите и подзаконските акти на Република Северна Македонија и ги почитува меѓународните стандарди и добрите изборни практики.

## ЧЛЕНОВИ НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

**Борис Кондарко - претседател**
**Абдуш Демири – потпретседател**
**Александар Даштевски - член**
**Ангелчо Ристов– член**
**Светлана Карапетрова - член**
**Оливер Ристовски - член**
**Дитмире Шеху - член**

# 1 ВОВЕД

Стратешкиот план на Државната изборна комисија (во понатамошниот текст ДИК) се однесува на периодот 2025 - 2028 година и претставува патоказ во работењето на ДИК преку стратешките насоки, цели и активности дефинирани во него. Преку однапред планирани активности и дефинирани индикатори, се создаваат услови за јасно позиционирање на четиригодишното работење на ДИК.

Во изработката на планот, активно учествуваа претседателот и членовите на ДИК, како и вработените во стручната служба на ДИК преку:

- Одржана работилница на која беше разгледана динамиката на предвидените активности, беа разгледани обрасците што ќе се користат во процесот на проценка на постигнатите резултати во последните две години од стратешкиот период 2021-2024 и беше спроведена СВОТ анализа.
- Спроведени индивидуални работни средби со секој од секторите и самостојните одделенија на кои детално беа разгледани и поставени целите, активностите и показателите на успешност за секој стратешки приоритет. На истите средби беше направен и преглед на постигнатите резултати и исполнувањето на заложбите и активностите од претходниот стратешки план за периодот 2023 -2024 година.
- Учество на тридневна работилница (ноември 2024 г.) на која се дефинираа измените на стратешките приоритети, цели, активности, показатели на успешност и се финализираше Стратешкиот план 2025 – 2028.
- Давање дополнителен придонес со цел финализирање на изготвената нацрт верзија на стратешкиот план.

Резултат на горенаведените активности е овој Стратешки план кој детално прикажува на кој начин, со кои дејствија и со кој интензитет ДИК ќе се залага да ја реализира својата четиригодишна стратегија.

# 2 ПРЕГЛЕД НА ПРИОРИТЕТЕТИТЕ И ЦЕЛИТЕ ЗА ПЕРИОДОТ 2025 – 2028 ГОДИНА

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1:
## ЈАКНЕЊЕ НА ЧОВЕЧКИОТ КАПИТАЛ НА ДИК

Исполнувањето на законските надлежности на ДИК, како и на стратешките приоритети од овој Стратешки план во голема мера зависат од човечкиот капитал на ДИК кој го сочинува професионален, искусен и мотивиран кадар. Во изминатиот стратешки период, бројот на вработени лица во стручната служба на ДИК бележеше континуиран пад што може да го доведе во прашање навременото и квалитетно спроведување на изборните активности. Со цел надминување на ваквата состојба и обезбедување на неопходните вработувања, ДИК во континуитет се обраќа до надлежните институции, почитувајќи ги законските процедури за вработување на административни службеници. Оттаму, во рамките на овој приоритет, ДИК ги постави следниве три цели:

| | |
|---|---|
| **Цел 1.1** | **Оптимизирање на организациската структура и распределба на одговорности во стручната служба на ДИК -** ДИК ќе се фокусира на зајакнување на човечките ресурси преку вработување квалификуван стручен кадар, овозможување мобилност на вработените во рамките на институцијата и преземање кадри од други институции, а по потреба за одредени позиции и ангажирање на лица со договор врз основа на прибавени согласности. |
| **Цел 1.2** | **Подобрување на мотивацијата и наградувањето на вработените -** Создавањето средина што го поддржува и наградува професионалниот успех е приоритет на ДИК во рамките на законските процедури и финансиски можности. За таа цел, ДИК ќе промовира позитивно и инклузивно работно опкружување преку имплементирање на мерки за заштита на вработените при работа, поттикнување на тимска работа, унапредување на транспарентноста и обезбедување соодветен пристап до потребните информации. Редовната комуникација, насоките за внатрешните процедури и јасната отчетност ќе бидат основа за постигнување на организациските цели. |
| **Цел 1.3** | **Обезбедување на континуиран професионален развој на вработените во стручната служба –** ДИК ќе продолжи да го поддржува стручното усовршување на вработените преку генерички и специјализирани обуки како и споделување на стекнатото знаење во рамки на институцијата. |

# **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2:** ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ПОДЗАКОНСКИТЕ АКТИ, НИВНАТА ДОСТАПНОСТ И ЕФИКАСНА ПРИМЕНА

Со зголемување на квалитетот на подзаконските акти донесени од ДИК, воспоставени се јасни и прецизни процедури во постапувањето на ДИК. Со примена на овие процедури, ќе се унапреди ефикасноста и функционалноста, ќе се подобри квалитетот на работењето на ДИК, ќе се зголеми транспарентноста, јавноста и отчетноста како и професионалноста, непристрасноста и деполитизацијата во работата на ДИК. На овој начин ќе се зголеми и довербата на јавноста и на сите засегнати страни во ДИК и во изборните процеси.

За да го оствариме овој приоритет, ги поставивме следниве цели:

| | |
|---|---|
| **Цел 2.1** | **Унапредување на постапката за донесување на подзаконските акти од страна на ДИК -** Унапредувањето на постапката за донесување на подзаконските акти и воспоставувањето на систем за проценка на нивната применливост, води кон подобрување на работата на изборните органи. |
| **Цел 2.2** | **Овозможување на поголема достапност на изборните правни прописи и обрасци за сите учесници во изборниот процес –** Оваа цел ќе придонесе за олеснување на применливоста на прописите и обрасците за сите учесници во изборниот процес. |

# СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3:
## УНАПРЕДУВАЊЕ НА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ВОДЕЊЕ НА ИЗБИРАЧКИОТ СПИСОК, ЗАШТИТА НА ЛИЧНО ИЗБИРАЧКО ПРАВО И СОБИРАЊЕ НА ПОТПИСИ ЗА НЕЗАВИСНИ КАНДИДАТИ И НЕЗАВИСНИ КАНДИДАТСКИ ЛИСТИ

ДИК е единствено надлежна за водењето и ажурирањето на избирачкиот список и избирачкото право, и како таква, има обврска за перманентно унапредување на процесот и начинот на водењето и ажурирањето на избирачкиот список. Со унапредување на начинот и постапката за водење на избирачкиот список и целите кои се поставени за остварување на овој приоритет, ќе се заокружи целосното преземање на избирачкиот список од страна на ДИК.

ДИК во соработка со ИФЕС продолжува да работи на доразвивање и унапредување на проектот за Електронски систем за евиденција на избирачко право (Voting Information Management System – VIMS) т.е. проектот за софтверско решение за менаџирање со податоците на избирачите.

Во процесот на спроведување на изборите во 2024 година, ДИК примени одредени функционалности од електронскиот софтвер за поддршка на изборниот процес со што е овозможена поголема ефикасност и организација на изборниот процес.

Во оваа насока, заложба на ДИК во стратешкиот период од 2025 – 2028 г. е да се насочи кон остварување на следните цели:

| | |
|---|---|
| Цел 3.1 | **Постигнување целосна функционалност на системот за евидентирање на избирачко право и водење на избирачкиот список -** софтверот целосно да се унапреди и да стане достапен и функционален во сите фази во процесот на ажурирање на податоците во Избирачкиот список и евидентирање на избирачкото право. Ќе продолжиме со започнатите активности за целосно ставање во функција на проектот VIMS, негово унапредување, тестирање и администрирање, организирање на пилот проект, пробен период на работа и паралелна тест примена во еден изборен процес. |
| Цел 3.2 | **Зголемување на ефикасноста, ефективноста и транспарентноста при одлучување по приговори -** За постигнување на оваа цел потребно е законски измени и донесување на подзаконски акти за развивање на нов софтвер за приговори за лично избирачко право и обука на сите лица кои ќе го користат. |
| Цел 3.3 | **Зголемување на ефикасноста, ефективноста и транспарентноста во процесот на собирање на потписи за независни кандидати и кандидатски листи -** За постигнување на оваа цел потребно е законски измени за развивање на нов софтвер за евидентирање на собирање на потписи и обука на сите лица кои ќе го користат. |

# СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 4:
## ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА НА АКТИВНОСТИТЕ НА ИЗБОРНИТЕ ОРГАНИ

Подобрувањето на ефикасноста на активностите на изборните органи, директно ќе влијае врз подобрување на ефикасноста на самиот изборен процес. Истото ќе го постигнеме преку следниве цели:

| | |
|---|---|
| **Цел 4.1** | **Прилагодување на процедурите за подобрување на предавањето, примањето и чувањето на изборните материјали –** Оваа цел ќе се исполни преку постигнување на стандардизација на истото и со дефинирање на чекорите и постапката во нова процедура. |
| **Цел 4.2** | **Зголемена координација и комуникација со пониските нивоа на изборни органи -** Постигнувањето на оваа цел ќе биде согласно Планот за координација и комуникација меѓу изборните органи кој се усвојува од страна на ДИК пред секој изборен процес. |
| **Цел 4.3** | **Зголемување на евиденцијата, прегледноста и транспарентноста на постапката при избор на нови членови на изборните органи** |

# **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 5:**
# ЕФИКАСНО ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ

Со цел да обезбедиме ефикасно, транспарентно и етичко распределување на финансиските средства кои ќе обезбедат непреченото работење на ДИК и ефикасно спроведување на изборните процеси, во овој Стратешки план воведовме одделен стратешки приоритет кој се однесува на финансиското управување. Голем аспект од финансиското работење се однесува на јавните набавки кои се една од клучните алатки во економските политики на секоја држава и највидливиот сигнал за доброто управување со јавните финансии.

Токму затоа, остварувањето на овој приоритет, планираме да го постигнеме преку следниве цели:

| | |
|---|---|
| **Цел 5.1** | **Зајакнување на човечките капацитети во Секторот за финансии –** Со цел непречено да се спроведат активностите планирани за подобрување на финансиското управување, неопходно е да има обучени и компетентни вработени. |
| **Цел 5.2** | **Преземање на платено политичко рекламирање од страна на друга релевантна институција -** Со ова во голема мера би се олесниле работните процеси на секторот. |
| **Цел 5.3** | **Подобрување на следењето на јавните набавки –** Ја идентификувавме потребата за подобро следење на јавните набавки преку развивање на софтвер во кој ќе бидат инкорпорирани сите аспекти од процесот и кој ќе овозможи изготвување на различни извештаи за потребите на ДИК, подобро управување со финансиските средства, благовремено интервенирање при појава на одредени ризици, подобра транспарентност и отчетност при управувањето со финансиските средства. |
| **Цел 5.4** | **Подобрување на реализацијата на спроведените набавки -** за остварување на оваа цел неопходно е да се има минимум соодветен кадар, на што ќе се работи во следниот период. |

# СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 6:
## КОНТИНУИРАНА ЕДУКАЦИЈА ЗА ИЗБОРИ

Еден од темелите на секој демократски процес се информирани, вклучени и подготвени изборна администрација и избирачко тело. За да се зајакнат демократските практики во Северна Македонија, ДИК се залага за воспоставување на сеопфатна рамка за континуирана едукација за изборите. Оваа иницијатива е дизајнирана да ги изгради компетенциите на оние кои ги спроведуваат изборите, да ги едуцира засегнатите страни кои активно се вклучени во изборниот процес и да ја оспособи јавноста со знаења за значајно учество во демократското управување.

Целите на овој стратешки приоритет го отсликуваат нашиот целосен пристап:

| | |
|---|---|
| **Цел 6.1** | **Воспоставување на Центарот за континуирана едукација за избори (ЦКЕИ) –** Ваквиот Центар, креиран според позитивните примери од праксата на европски држави, ќе служи како примарна институција за систематска и достапна едукација и обука за избори, поставувајќи нови стандарди за професионалност и интегритет во изборните процеси. |
| **Цел 6.2** | **Унапредување на континуираната едукација за изборната администрација –** Целиме да ја подобриме едукацијата за изборната администрација на сите нивоа, обезбедувајќи тие да да поседуваат функционални упатства и прирачници потребни за транспарентни и ефикасни избори и поголема професионализација и одговорност во работењето на изборните органи. |
| **Цел 6.3** | **Воспоставување на континуирана едукација на други чинители во изборите –** Редовни, насочени едукативни програми ќе ги вклучат клучните засегнати страни, вклучувајќи ги политичките партии, организациите на граѓанското општество и медиумите, поттикнувајќи соработка за фер изборен процес. |
| **Цел 6.4** | **Унапредување на едукацијата на граѓаните и гласачите –** Преку промоција на широка и фокусирана едукација на граѓаните и гласачите, ќе ја подигнеме јавната свест за изборните права и обврски, со што ќе се поттикне информирано учество и ќе се зајакне довербата во изборниот процес. |

Преку овие цели, ДИК гледа иднина каде континуираната едукација за избори станува составен дел од успешните демократски процеси, зајакнувајќи ја посветеноста на Република Северна Македонија за праведни и инклузивни избори, како и позицијата на ДИК во меѓународната рамка, како еден од позитивните примери во организација на изборните процеси.

# СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 7:
## ТРАНСПАРЕНТНОСТ, ИНКЛУЗИВНОСТ И ИНФОРМИРАЊЕ

Информирањето и транспарентниот пристап во работењето на ДИК се основа за градење доверба на јавноста кон институцијата и изборниот процес.

За таа цел, неопходно е континуирано вложување во комуникацијата со општата јавност преку информирање, едуцирање, достапност и неселективност во односите, отвореност и развоен пристап, непосредност и непристрасност. Специфичните целни групи бараат и примена на соодветен комуникациски пристап што се базира исклучиво на стручност, професионалност и посветеност. Преку активното комуницирање и отвореноста за соработка со сите чинители во изборниот процес, ДИК ќе придонесе во зголемување на знаењето и свесноста на граѓаните и гласачите за своите права и процедурите, како и за целокупниот изборен процес. На овој начин, преку примена на сеопфатен комуникациски пристап, ќе се дава поголема сила на легитимитетот на демократските процеси во државата кои произлегуваат од гласањето.

Во исполнувањето на овој приоритет, ќе нè водат следниве цели:

| | |
|---|---|
| **Цел 7.1** | **Унапредување на информираноста на јавноста за работата на ДИК –** Оваа цел вклучува развивање на комуникациска стратегија на ДИК преку која ќе се дефинираат начините, динамиката, принципите и начелата на внатрешната и надворешната комуникација. Запознавањето на изборната администрација со Комуникациската стратегија ќе овозможи навремена, ефикасна и прецизна комуникација со сите чинители во изборниот процес |
| **Цел 7.2** | **Унапредување на активната транспарентност на ДИК -** Преку прифаќање на начелото на активна транспарентност во делот на комуникациите се создава информирана јавност како клучен фактор во спроведувањето на кредибилен изборен процес. Медиумската сфера наметнува динамика и трендови во информирањето кои одговараат на потребите на граѓаните и учесниците во изборите за навремена, прецизна и објективна информираност што како предизвик доаѓа до израз во време на изборите. |
| **Цел 7.3** | **Подобрување на инклузивноста во информирањето –** Ќе се стремиме да го прилагодиме и да го олесниме начинот на пренесување на информациите до различни категории на граѓани. |

| | |
|---|---|
| **Цел 7.4** | **Зајакнување на соработката со академската заедница, здруженија и фондации и меѓународни организации -** Преку склучување на меморандуми за соработка ќе оствариме подобра комуникација со различните категории на чинители: граѓанскиот сектор, кој иако не се активира со полн капацитет, е значаен чинител во дефинирањето на комуникацискиот пристап кон специфичната целна публика; соработката со меѓународната заедница е исто така важен сегмент во примената на односите со јавноста бидејќи тоа има исклучително големо влијание во креирањето на меѓународниот углед на ДИК и на државата воопшто. Соработката со академската заедница може да придонесе во квалитетот на услугите и унапредување на функционирањето на институцијата. |

| | |
|---|---|
| **Цел 7.5** | **Информираност на граѓаните за текот на изборите на изборниот ден и избирачките места -** Ќе се стремиме кон овозможување на непречено информирање на јавноста од страна на медиумите на денот на изборите со цел да се подобри транспарентноста на изборниот процес. |

# СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 8:
## ЕФИКАСНО УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ, ДОКУМЕНТИ, РИЗИЦИ И ПРОЦЕСИ ПОВРЗАНИ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

За остварување на овој приоритет, ги поставивме следниве четири цели:

| | |
|---|---|
| **Цел 8.1** | **Континуирано управување со квалитет –** Оваа цел ќе се оствари преку ревидирање и спроведување на процедурите согласно воведениот стандард ИСО 9001:2015. |

| | |
|---|---|
| **Цел 8.2** | **Подобрен внатрешен менаџмент -** Оваа цел ќе се постигне преку целосно искористување и применување на воспоставениот систем за управување со документи - ДМС. |

| | |
|---|---|
| **Цел 8.3** | **Подобрување на ефективноста во процесите на управување со ризикот, контролата и севкупното управување –** Оваа цел се насочува кон спроведување на стратешкиот и годишниот план за внатрешна ревизија во ДИК. |

| | |
|---|---|
| **Цел 8.4** | **Воведување електронски систем за управување со човечки ресурси -** ДИК има за цел да ги дигитализира процесите за управување со човечки ресурси преку воведување електронско решение за реализирање на правата од работниот однос и добивање на потребни податоци и за самата институција и за надворешни институции. |

# **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 9:**
## ЕФИКАСНИ ИТ ПРОЦЕСИ И СИСТЕМИ ВО ДИК

Напредокот на технологијата има значителен импакт на сите аспекти на општественото живеење, вклучително и на изборните процеси. Информациските технологии играат клучна улога во обезбедувањето транспарентност, ефикасност и безбедност во изборите. За да се одговори на овие потреби и да се постигне континуиран развој, ДИК го препознава развојот и подобрувањето на ИТ инфраструктурата како стратешки приоритет.

Во овој контекст, приоритетот на секторот за ИТ во Стратешкиот план на ДИК се фокусира на имплементација на нови технолошки решенија кои ќе обезбедат поголема сигурност, ефикасност и транспарентност во изборниот процес. За да се постигне овој приоритет, ги дефиниравме следниве цели:

| | |
|---|---|
| **Цел 9.1** | **Зголемување на ефикасноста на исплата на Општински изборни комисии (ОИК) и избирачки одбори (ИО)** |
| **Цел 9.2** | **Унапредување на пристапноста на веб страницата за слепи лица и лица со оштетен вид** |
| **Цел 9.3** | **Одржување на веб страницата на ДИК** |
| **Цел 9.4** | **Обезбедување на ИТ кадар** - Со стратегиски пристап и континуирана инвестиција во ИТ секторот, ДИК ќе биде подготвена да се соочи со новите предизвици во дигиталната трансформација и брзото усвојување на нови технологии, обезбедувајќи стабилност, доверба и сигурност во изборниот процес. |
| **Цел 9.5** | **Подобрување на ИТ инфраструктурата -** Интегрирањето на иновативни ИТ решенија и подобрена ИКТ инфраструктура во изборните процеси ќе овозможи поефикасно управување со податоците, зголемена транспарентност во сите фази на изборниот циклус и подобар пристап на граѓаните до информации за изборниот процес. |
| **Цел 9.6** | **Зголемување на ИТ безбедноста –** Стратешкото планирање на ИТ секторот има за цел да ги поддржи напорите на ДИК во контекст на зголемување на ефикасноста и сигурноста на изборите, како и намалување на ризиците од можни сајбер напади, технички грешки и манипулации. Примената на највисоки стандарди за заштита на лични податоци и изборни резултати ќе спречи било какви обиди за манипулација или сајбер напади. |

| | |
|---|---|
| **Цел 9.7** | **Воспоставување на ефикасен систем за обезбедување на безбедност на обработка на личните податоци -** Личните податоци може да се обработуваат само на начин којшто обезбедува соодветно ниво на безбедност на личните податоци со примена на соодветни технички или организациски мерки. За да се заштитат личните податоци, Државната изборна комисија во својство на Контролор, треба да имплементира систем за информациска сигурност кој ќе гарантира безбедност на обработката на личните податоци. |

Преку овој приоритет, ДИК не само што ќе ја унапреди својата работа, туку и ќе го зајакне угледот на изборниот процес, создавајќи основа за поголема доверба на граѓаните во изборниот систем.

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 10:
## ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА ИЗБОРНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА, ГРАДЕЊЕ НА КУЛТУРА НА НЕТОЛЕРАНТНОСТ КОН КОРУПЦИЈА, ПРОЦЕНКА И ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈА

Во 2023 година, ДИК ја усвои Политиката на интегритет, како прв чекор за воспоставување на системот на интегритет во институцијата. Со донесувањето на Политиката се зајакнува институционалната заложба и декларативна стратешка определба да се воведе, имплементира и унапредува системот на интегритет, членовите на Комисијата се обврзуваат кон поддршка на имплементацијата на системот на интегритет, а вработените во институцијата се запознаваат со политиката на институцијата, која се должни да ја почитуваат.

Како следен чекор во имплементација на Политиката за интегритет, ДИК назначи две лица за имплементирање на системот на интегритет, со цел ефикасно спроведување на системот на интегритет во институцијата. Во текот на 2023 година, во рамките на имплементација на системот на интегритет ДИК презеде повеќе дејствија, како усвојување на повеќе подзаконски акти: Упатство за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните и други податоци на укажувачите, Правилник за спречување на судир на интереси, Правилник за постапување со подароци, погодности и гостопримства во Државната изборна комисија, Етички кодекс за членовите на ДИК и Етички кодекс за изборната администрација. Исто така, спроведе обука за спроведување на политиката на интегритет во ДИК, лицата за интегритет учествуваа на повеќе обуки организирани од страна на ДКСК за имплементација на системот на интегритет во институциите и усвои Годишен план за проценка на ризици од корупцијата. Понатаму, донесе одлука за формирање на Етичка комисија за следење и почитување на Етичкиот кодекс за членовите на ДИК, обезбеди изјави за почитување на Етичките кодекси од страна на раководството и вработените во ДИК, назначи лице за водење на евиденција на примени подароци во ДИК, назначи лица за прием

на пријави од укажувачи и за време на изборите спроведе едукација на изборните органи за етичките стандарди и правила на однесување на изборната администрација.

ДИК исто така го пополни прашалникот за мониторинг на политиката за интегритет на ДКСК за 2023 година, преку кој се спроведе мерење на нивото на примената на системот на ниво на институција и според кој ДИК е оценета со 60% - 80% исполнетост - „добро".

Во насока на горенаведените заложби, во овој Стратешки план го воведуваме и Приоритетот 10 кој се однесува на јакнење на интегритетот и справување со ризиците од корупција, кој ќе го оствариме преку следниве стратешки цели:

| | |
|---|---|
| **Цел 10.1** | **Унапредување на системот за јакнење на интегритетот на изборите и изборната администрација –** Со ова ќе се надоврземе на претходните напори и ќе ги имплементираме, почитуваме и подобриме стандардите од системот за интегритет. |

| | |
|---|---|
| **Цел 10.2** | **Воспоставување на систем за управување со ризици од корупција и развивање на план со мерки за справување со ризиците –** За да ја оствариме оваа цел ќе, се посветиме на идентификување на ризиците од корупција и нивно анализирање, и ќе планираме соодветни решенија и мерки за нивно намалување. |

# **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 11:** ИНТЕГРИРАЊЕ НА РОДОВИТЕ АСПЕКТИ ВО АКТИВНОСТИТЕ НА ДИК

Постигнувањето на родова еднаквост е од суштинско значење за интегритетот, инклузивноста и ефективноста на демократските институции. Во тој контекст, ДИК се залага за вклучување на родовите перспективи во сите свои активности, осигурувајќи дека нејзините процеси и практики активно промовираат родова еднаквост. Овој стратешки приоритет има за цел да ги интегрира родовите аспекти на секое ниво на функционирање на ДИК, поддржувајќи праведна претставеност и инклузивни практики и внатрешно и надворешно.

Целите на овој стратешки приоритет го отсликуваат сеопфатниот пристап на ДИК:

| | |
|---|---|
| **Цел 11.1** | **Интегрирање на родовите аспекти во внатрешното функционирање** на ДИК – Преку вклучување на родови перспективи во своите внатрешни политики, организациска култура и процесите на одлучување, ДИК има за цел да создаде работна средина која промовира еднакви можности и ги почитува различните потреби на мажите и жените. |
| **Цел 11.2** | **Интегрирање на родовите аспекти во изборните активности –** Оваа цел има за задача да обезбеди дека родовите аспекти се интегрален дел од планирањето, имплементацијата и евалуацијата на изборните процеси, овозможувајќи инклузивно учество и претставеност на изборите. |
| **Цел 11.3** | **Родово сензибилизирање за изборните процеси –** Преку насочени обуки и кампањи за подигнување на свеста, ДИК ќе работи на сензибилизирање на персоналот, засегнатите страни и јавноста за родовите прашања, создавајќи средина која ја поддржува еднаквоста и го унапредува учеството на мажите и жените во изборниот процес. |

Со приоретизирање на овие цели, ДИК се посветува на унапредување на родовата еднаквост во изборната рамка на Северна Македонија, зајакнувајќи ја демократската инклузивност и градејќи балансирана претставеност во политичкиот пејзаж на земјата.

# 3 ДЕТАЛЕН ПРЕГЛЕД НА СТРАТЕШКИТЕ ПРИОРИТЕТИ

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1:**
ЈАКНЕЊЕ НА ЧОВЕЧКИОТ КАПИТАЛ НА ДИК

| ЦЕЛ | АКТИВНОСТ | ИНДИКАТОРИ | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ (ОДРЕДНИЦИ) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | ОДГОВОРНОСТ |
| **Цел 1.1** Оптимизирање на организациската структура и распределба на одговорности во стручната служба на ДИК | **1.1.1** Соодветни измени и прилагодувања на правилникот за систематизација на работните места и донесување на пречистен текст на правилникот за систематизација на работните мест | ***1.1.1.1*** *Донесени измени, прилагодувања на правилникот за систематизација на работните места* | ✓ | | | | *Самостојно одделение за управување со човекови ресурси (ЧР), ДИК* |
| | | ***1.1.1.2*** *Донесен пречистен текст на правилникот за систематизација* | ✓ | | | | |
| | **1.1.2** Изготвување и донесување на годишни планови за вработување | ***1.1.2.1*** *Донесени годишни планови за вработување* | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | *Самостојно одделение за управување со ЧР ДИК* |
| | **1.1.3** Спроведување на функционална анализа | ***1.1.3.1*** *Спроведена функционална анализа* | ✓ | | | | *Самостојно одделение за управување со ЧР* |
| | **1.1.4** Пополнување на испразнетите места согласно Правилникот за систематизација на ДИК | ***1.1.4.1*** *% на намалување на испразнетите места на годишно ниво* | *Зависно од бројот на добиени согласности од надлежните институции* | *Зависно од бројот на добиени согласности од надлежните институции* | *Зависно од бројот на добиени согласности од надлежните институции* | *Зависно од бројот на добиени согласности од надлежните институции* | *Самостојно одделение за управување со ЧР* |

| | | | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **1.1.5** Соодветни Прераспределувања / овластувања на вработените согласно полугодишното интервју и годишното оценување и трансфер во сектори во кои можат да дадат поголем придонес | ***1.1.5.1*** *% на вработени лица кои се прераспределени / овластени (од вкупниот број на лица кои треба да бидат прераспределени / овластени)* | 100 % | 100 % | 100 % | 100 % | *Самостојно одделение за управување со ЧР и непосредно поставените раководители* |
| | **1.1.6** Унапредување на вработените | ***1.1.6.1*** *% на унапредени вработени лица (од севкупниот број на вработени лица кои ги исполнуваат условите за унапредување)* | *Зависно од бројот на добиени согласности за таа намена* | *Зависно од бројот на добиени согласности за таа намена* | *Зависно од бројот на добиени согласности за таа намена* | *Зависно од бројот на добиени согласности за таа намена* | *Самостојно одделение за управување со ЧР* |
| | **1.2.1** Доделување/ исплата на јубилејна награда | ***1.2.1.1*** *Исплатена јубилејна награда на сите вработени кои ги исполнуваат условите за наградување* | *Зависно од одобрени средства за таа намена од надлежна институција* | *Зависно од одобрени средства за таа намена од надлежна институција* | *Зависно од одобрени средства за таа намена од надлежна институција* | *Зависно од одобрени средства за таа намена од надлежна институција* | *ДИК* |
| **Цел 1.2** Подобрување на мотивацијата и наградувањето на вработените | **1.2.2** Наградување на вработените кои при годишното оценување се оценети со оценка 5 | ***1.2.2.1*** *% на наградени вработени (од севкупниот број на вработени кои се оценети со оценка 5)* | *Зависно од одобрени средства за таа намена од надлежна институција* | *Зависно од одобрени средства за таа намена од надлежна институција* | *Зависно од одобрени средства за таа намена од надлежна институција* | *Зависно од одобрени средства за таа намена од надлежна институција* | *ДИК* |
| | **1.2.3** Воспоставување и спроведување на систем за мотивација на вработените | ***1.2.3.1*** *Утврдени и имплементирани механизми за мотивација на вработените* | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | *ДИК* |

| | | | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ***1.2.3.2*** *Спроведени механизми за мотивација на вработените за време на изборен процес* | | ✓ | | ✓ | *ДИК* |
| | **1.2.4** Наградување на вработените за дополнителна работа надвор од систематизираното место (од 5 до 30 %, согласно Закон) | ***1.2.4.1*** *Исплатена награда* | *Зависно од одобрени средства за таа намена од надлежна институција* | *Зависно од одобрени средства за таа намена од надлежна институција* | *Зависно од одобрени средства за таа намена од надлежна институција* | *Зависно од одобрени средства за таа намена од надлежна институција* | *ДИК* |
| **Цел 1.3** Обезбедува ќе на континуиран професионален развој на вработените во стручната служба | **1.3.1** Проценка на потребите од обука и обезбедување услови за задоволување на потребите од обука | ***1.3.1.1*** *Спроведена проценка на потребите од обука* | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | *Секој сектор за вработените во секторот, а во координација со Самостојното одделение за управување со ЧР* |
| | | ***1.3.1.2*** *Идентификувани внатрешни и надворешни можности и финансиски ресурси за учество и/или организирање на специјализирани обуки* | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | *ДИК* |

| | | | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **1.3.2** Спроведување на специјализирани обуки за вработените | ***1.3.2.1*** *Број на вработени лица кои учествувале на специјализирани обуки* | *16* | *16* | *16* | *16* | *Самостојно одделение за управување со ЧР (со обезбедени средства од страна на меѓународни организации – ИФЕС, ОБСЕ и др.)* |
| | | ***1.3.2.2*** *Спроведен курс за деловен англиски јазик* | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | *Самостојно одделение за управување со ЧР (со обезбедени средства од страна на меѓународни организации – ИФЕС, ОБСЕ и др.)* |
| | | ***1.3.2.3*** *Спроведени обуки за завршна сметка и попи* | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | *Самостојно одделение за управување со ЧР и Сектор за финансии* |

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2:**
**ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ПОДЗАКОНСКИТЕ АКТИ, НИВНАТА ДОСТАПНОСТ И ЕФИКАСНА ПРИМЕНА**

| ЦЕЛ | АКТИВНОСТ | ИНДИКАТОРИ | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ (ОДРЕДНИЦИ) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | ОДГОВОРНОСТ |
| **Цел 2.1** Унапредување на постапката за донесување на подзаконските акти од страна на ДИК | **2.1.1** Воспоставување на систем за проценка на применливоста на подзаконски акти | ***2.1.1.1*** *Подготвена и донесена постапка/методологија за проценка на применливоста на подзаконски акти* | ✓ | | | | *Сектор за правни работи* |
| | | ***2.1.1.2*** *Спроведена обука за вработените за спроведување на постапката за проценка на применливоста на подзаконските акти* | | ✓ | | | *Сектор за правни работи* |
| | **2.1.2** Континуирано следење на подзаконските акти и нивно дополнување и изменување | ***2.1.2.1*** *Спроведена анализа за усогласување/прилагодување на постојните подзаконски акти* | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | *Сектор за правни работи* |
| | | ***2.1.2.2*** *Број на изменети и дополнети подзаконски акти* | *Ќе бидат внесени по спроведената анализа* | | | | *Сектор за правни работи* |
| | | ***2.1.2.3*** *Број на нови акти* | *Ќе бидат внесени по спроведената анализа* | | | | *Сектор за правни работи* |

| | | | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Цел 2.2** Овозможување на поголема достапност на изборните правни прописи и обрасци за сите учесници во изборниот процес | **2.2.1** Преглед на актите по применливост | ***2.2.1.1*** *Број на направени прегледи (на квартално ниво)* | *4* | *4* | *4* | *4* | *Сектор за правни работи* |
| | **2.2.2** Следење на функционалноста и ажурирање на Е-регистарот | ***2.2.2.1*** *Навремено ажуриран Е-регистар по усвојување на прописите* | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | *Сектор за правни работи* |
| | | ***2.2.2.2*** *Број на направени проверки* | *2* | *2* | *2* | *2* | |
| | **2.2.3** Воведување на систематизација на формуларите и обрасците и нивно објавување | ***2.2.3.1*** *Развиена методологија за систематизација* | ✓ | | | | *Сектор за правни работи* |
| | | ***2.2.3 2*** *Процент на систематизирани формулари и обрасци според методологијата за систематизација (од вкупниот број на формулари и обрасци)* | *100%* | | | | *Сектор за правни работи* |
| | | ***2.2.3.3*** *Процент на објавени системати-зирани обрасци (од вкупниот број на систематизирани обрасци)* | *100 %* | | | | *Сектор за правни работи* |

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3:**
**УНАПРЕДУВАЊЕ НА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ВОДЕЊЕ НА ИЗБИРАЧКИОТ СПИСОК, ЗАШТИТА НА ЛИЧНО ИЗБИРАЧКО ПРАВО И СОБИРАЊЕ НА ПОТПИСИ ЗА НЕЗАВИСНИ КАНДИДАТИ И НЕЗАВИСНИ КАНДИДАТСКИ ЛИСТИ**

| ЦЕЛ | АКТИВНОСТ | ИНДИКАТОРИ | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ (ОДРЕДНИЦИ) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | ОДГОВОРНОСТ |
| **Цел 3.1** Постигнување целосна функционалност на системот за евидентирање на избирачко право и водење на избирачкиот список | **3.1.1** Креирање на функционален информатички систем за организационо - техничка и методолошка обработка на Избирачкиот список и електронско управување со податоците на избирачите, избирачките места и изборните единици | ***3.1.1.1*** *Ставен во функција информатички систем за организационо – техничка и методолошка обработка на Избирачкиот список* | | | ✓ | | *Сектор за избирачки список и евиденција на избирачко право, ИТ Сектор* |
| | | ***3.1.1.2*** *Ангажиран постојан администратор на информатички систем за организационо – техничка и методолошка обработка на Избирачкиот список* | ✓ | | | | |
| | | ***3.1.1.3*** *Број на обуки по вработено лице во ДИК за примена на системот (таргетирана бројка на учесници)* | | *3* | *3* | | |
| | **3.1.2** Усогласување на подзаконските акти за ажурирање на избирачкиот список | ***3.1.2.1*** *Број на усогласени подзаконски акти (Процедури за ажурирање на избирачки список и методологијата)* | | | *3* | | *Сектор за избирачки список и евиденција на избирачко право* |

| | | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **3.1.3** Создавање услови за размена на податоци со релевантните институции во рамки на системот за интероперабилност | ***3.1.3.1*** *Број на склучени меморандуми за соработка во делот на размена на податоци со институциите, во рамки на системот за интероперабилност* | | | | | *ДИК* |
| **3.1.4** Администрирање на ВИМС | ***3.1.4.1*** *Ангажирање ИТ лице како администратор на ВИМС* | ✓ | | | | |
| **3.1.5** Унапредување на постапката и на системот за пријавување за гласање во странство | ***3.1.5.1*** *Спроведена анализа на постоечкиот систем и утврдување на тешкотиите и ограничувањата* | ✓ | | | | *Работната група за прием на пријави за спроведување на гласање во странство и Сектор за избирачки список и евиденција на избирачко право* |
| | ***3.1.5.2*** *Унапредена постапка за пријавување за гласање во странство согласно воспоставениот информатички систем за организационо – техничка и методолошка обработка на избирачкиот список* | | | | ✓ | *Работната група за прием на пријави за спроведување на гласање во странство, ИТ Сектор, Сектор за избирачки список и евиденција на избирачко право* |

| | | | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Цел 3.2** Зголемување на ефикасноста, ефективноста и транспарент-носта при одлучување по приговори | **3.2.1** Спроведување на анализа на состојбата и функционалностите на постоечкиот софтвер | ***3.2.1.1** Изготвен извештај од анализа* | | | | | *Сектор за избирачки список и евиденција на избирачко право, ИТ Сектор, Сектор за правни работи* |
| | **3.2.2** Развој на нови и/или надградба на софтверските решенија согласно потребите од спроведената анализа | ***3.2.2.1** Изготвени/надградени решенија* | | | | | |
| | **3.2.3** Понатамошна надградба на софтверот согласно искуството и праксата | ***3.2.3.1** Направена надградба* | | | | | |
| **Цел 3.3** Зголемување на ефикасноста ефективноста и транспарент-носта во процесот на собирање на потписи за независни кандидати и кандидатски листи | **3.3.1** Развивање на софтверско решение за собирање потписи врз основа на направена анализа | ***3.3.1.1** Изготвен извештај од анализа* | ✓ | | | | *Сектор за избирачки список и евиденција на избирачко право* |
| | | ***3.3.1.2** Развиен софтвер* | | ✓ | | | |
| | **3.3.2** Понатамошна надградба на софтверот согласно искуството и праксата | ***3.3.2.1** Направена надградба на софтверот* | | ✓ | | | |

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 4:**
ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА НА АКТИВНОСТИТЕ НА ИЗБОРНИТЕ ОРГАНИ

| ЦЕЛ | АКТИВНОСТ | ИНДИКАТОРИ | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ (ОДРЕДНИЦИ) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | ОДГОВОРНОСТ |
| **Цел 4.1** Прилагодување на процедурите за подобрување на предавањето, примањето и чувањето на изборните материјали | **4.1.1** Ревидирање и подобрување на пишани процедури за обезбедување, чување, ракување, и дистрибуција на изборниот материјал од ДИК на ОИК; ОИК на ИО и обратно; ОИК на ДИК | ***4.1.1.1*** *Број на спроведени ревизии во текот на годината* | 1 | | | 1 | *Генерален секретар, Сектор за правни работи* |
| | **4.1.2** Воспоставување на пишана процедура за чување и ништење на изборниот материјал (архивска граѓа) за ДИК и ОИК | ***4.1.2.1*** *Изготвена процедура* | ✓ | | | | *Генерален секретар, Сектор за правни работи* |
| | **4.1.3** Ревидирање на процедурата за чување и ништење на изборниот материјал (архивска граѓа) за ДИК и ОИК | ***4.1.3.1*** *Ревидирана процедура* | | | ✓ | | *Генерален секретар„ Сектор за правни работи* |
| **Цел 4.2** Зголемена координација и комуникација со пониските нивоа на изборни органи | **4.2.1** Изготвување на насоки за комуникација на ДИК со ОИК и ОИК со ИО | ***4.2.1.1*** *Изготвени насоки* | ✓ | | | ✓ | *Генерален секретар, Стручна служба на ДИК* |
| | **4.2.2** Спроведување на информативни координативни средби на тимови на ДИК со ОИК за примена на насоките | ***4.2.2.1*** *Број на спроведени информативни координативни средби* | 1 | | | 1 | *Генерален секретар, Стручна служба на ДИК* |

| | | | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Цел 4.3** Зголемување на евиденција, прегледност и транспарен-тноста на постапката при избор на нови членови на изборните органи | **4.3.1** Ставање во функција на апликацијата | ***4.3.1.1*** *Ставена во функција* | ✓ | | | | |
| | **4.3.2** Спроведување на работилницата за функционалностите на апликацијата за членовите на ОИК | ***4.3.2.1*** *Спроведена работилница* | ✓ | | | ✓ | |

ДРЖАВНА
ИЗБОРНА
КОМИСИЈА

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 5:**
ЕФИКАСНО ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ

| ЦЕЛ | АКТИВНОСТ | ИНДИКАТОРИ | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ (ОДРЕДНИЦИ) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | ОДГОВОРНОСТ |
| **Цел 5.1** Зајакнување на човечките капацитети на Секторот за финансии | **5.1.1** Пополнување на испразнети работни места во секторот за финансии | ***5.1.1.1*** *Број на нови вработувања или преземања* | *4* | | | | *Генерален секретар, ДИК* |
| **Цел 5.2** Преземање на исплатата на трошоците за платено политичко рекламирање од страна на друга релевантна институција | **5.2.1** Изготвување на предлог за измена на Изборниот Законик во делот за исплата на трошоци за платено политичко рекламирање | ***5.2.1.1*** *Изготвен предлог* | ✓ | | | | *Генерален секретар, ДИК* |
| | **5.2.2** Доставен прелог измена на Изборникот Законик за исплата на трошоци за платено политичко рекламирање до Министерство за правда и Собрание | ***5.2.2.1*** *Доставен предлог за измена* | ✓ | | | | *Генерален секретар, ДИК* |
| **Цел 5.3** Подобрување на следењето на јавните набавки | **5.3.1** Развивање на софтвер за следење на јавните набавки (со податоци за максималниот износ на набавката, временска рамка, следење на трошоците и др.) | ***5.3.1.1*** *Развиен софтвер/програма* | ✓ | | | | *ИТ сектор, Сектор за финансии, ДИК* |

| | | | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **5.3.2** Обучување на вработените во секторот за користење на софтверот/програмата | ***5.3.2.1*** *Спроведена обука за вработените во секторот за финансии* | ✓ | | | | *ИТ сектор, Сектор за финансии, ДИК* |
| **Цел 5.4** Подобрување на реализацијата на договорите на спроведените набавки | **5.4.1** Ангажирање на соодветен број на кадар | ***5.4.1.1*** *Ангажиран магационер* | ✓ | | | | *Генерален секретар, Сектор за правни работи* |
| | | ***5.4.1.2*** *Ангажиран правник за следење на реализација* | ✓ | | | | |
| | **5.4.2** Развивање на софтвер со можност за прикачување на документи испратници, интегриран со софтверот од 8.3.1 | ***5.4.2.1*** *Развиен софтвер* | ✓ | | | | *ИТ сектор, Генерален секретар, Сектор за правни работи* |
| **Цел 5.5** Подобрување на ефикасноста на финансиското работење на ДИК | **5.5.1** Целосно ставање во функција на новата програма | ***5.5.1.1*** *Ставена во функција новата програма* | ✓ *(К2)* | | | | *ИТ сектор, Сектор за финансии* |
| | **5.5.2** Склучување на нов договор за одржување на програмата за финансиско работење | ***5.5.2.1*** *Склучен нов договор* | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | *ИТ сектор, Сектор за финансии* |

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 6:**
КОНТИНУИРАНА ЕДУКАЦИЈА ЗА ИЗБОРИ

| ЦЕЛ | АКТИВНОСТ | ИНДИКАТОРИ | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ (ОДРЕДНИЦИ) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | ОДГОВОРНОСТ |
| **Цел 6.1** Востановување на Центарот за континуирана едукација за избори (ЦКЕИ) | **6.1.1** Развивање на организациска структура на ЦКЕИ | ***6.1.1.1*** *Усвоен извештај од спроведена функционална анализа* | *1* | | | | *ДИК, Самостојно одделение за управување со човечки ресурси (СОУЧР), Сектор за континуирани обуки, односи со јавност и меѓународна соработка (СКООЈМС).* |
| | | ***6.1.1.2*** *Усвоен Правилник за внатрешна организација на ЦКЕИ* | *1* | | | | |
| | | ***6.1.1.3*** *Усвоен Правилник за систематизација на работните места на ЦКЕИ* | *1* | | | | |
| | **6.1.2** Регрутација, селекција и обука на кадар за ЦКЕИ | ***6.1.2.1*** *Број на внатрешно распоредени вработени од СС на ДИК во ЦКЕИ* | *5* | | | | *ДИК, СОУЧР* |
| | | ***6.1.2.2*** *Број на хоризонтално преземени вработени од други институции во ЦКЕИ* | | *5* | | | |
| | | ***6.1.2.3*** *Број на вработени лица со јавен оглас во ЦКЕИ* | | | *5* | *3* | |
| | | ***6.1.2.4*** *Број на обучени вработени на ЦКЕИ* | *5* | *10* | *15* | *18* | *ЦКЕИ* |

| | | | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Цел 6.2** Унапредување на континуираната едукација на изборната администрација | **6.2.1** Промптна подготовка на ИО и ОИК за следните избори | ***6.2.1.1** Спроведена анализа за искуствата и праксата од последните избори за работата на ИО и ОИК* | ✓ *(К1 и К2)* | | | | *Сектор за континуирани обуки, односи со јавност и меѓународна соработка, Правен сектор* |
| | | ***6.2.1.2** Ресертифицирани сертифицираните обучувачи* | ✓ *(К1 и К2)* | | | | |
| | | ***6.2.1.3** Изготвен краток прирачник за ИО* | ✓ *(К1 и К2)* | | | | |
| | | ***6.2.1.4** Ревидиран образец број 16 согласно праксата на ДИК* | ✓ *(К1 и К2)* | | | | |
| | | ***6.2.1.5** Реафирмирани акти за работа на ОИК* | ✓ *(К1 и К2)* | | | | |
| | | ***6.2.1.6** Дефиниран статус на обучувачите во ИЗ* | ✓ *(К1 и К2)* | | | | |
| | **6.2.2** Спроведување на анализа на потребите и мапирање на постоечките компетенции на изборната администрација | ***6.2.2.1** Извештај од спроведена анализа на потребите од обуки* | | | ✓ | | *ЦКЕИ* |
| | | ***6.2.2.2** % на различните позиции од изборната администрација со идентификувани компе-тенции и потребни вештини* | | | 51% | | *ЦКЕИ* |
| | 6.2.3 Ревидирање и унапредување на курикулумот за обука на изборната администрација | ***6.2.3.1** Број на модули за обука ажурирани или развиени одново* | | | 2 | | *ЦКЕИ* |

| | | | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ***6.2.3.2*** *% од курикулумот усогласен со новата правна рамка или трендови* | | | *100%* | | *ЦКЕИ* |
| | | ***6.2.3.3*** *Број на нови актуелни теми воведени во курикулумот за обука* | | | *1* | | *ЦКЕИ* |
| | **6.2.4** Развивање и спроведување на програми за обука | ***6.2.4.1*** *Број на усвоени програми за обука на изборната администрација* | *1* | *1* | *1* | *1* | *ЦКЕИ* |
| | | ***6.2.4.2*** *Број на одржани обуки* | *1500* | *10* | *10* | *1500* | *ЦКЕИ* |
| | | ***6.1.4.3*** *Број на учеснички/ци на обуките, сегрегирани според пол* | *20 000 (10000 т и 10000 ж)* | *300 (150 м, 150 ж)* | *300 (150 м, 150 ж)* | *20 000 (10000 т и 10000 ж)* | |
| | **6.2.5** Воведување на механизми за следење и евалуација на обуките | ***6.2.5.1*** *Просек на подобрување на знаењата и вештините според спроведени мерења пред и по обука* | | | | | *ЦКЕИ* |
| | | ***6.2.5.2*** *% на задоволни учеснички/ци според спроведена евалуација на крајот на обуките* | *80%* | *80%* | *80%* | *80%* | *ЦКЕИ* |

| | | | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Цел 6.3** Воспоставување на континуирана едукација на други чинители во изборите (политички партии, граѓански организации, претставници на медиуми) | **6.3.1** Спроведување на анализа на потребите и мапирање на постоечките компетенции на различните чинители во изборите | ***6.3.1.1*** *Извештај од спроведена анализа на потребите од обуки* | | | ✓ | | *ЦКЕИ* |
| | | ***6.3.1.2*** *Број на различните чинители во изборите со идентификувани компетенции и потребни вештини* | | | *3* | | *ЦКЕИ* |
| | **6.3.2** Креирање на курикулум за обука на различните чинители во изборите | ***6.3.2.1*** *Број на модули за обука ажурирани или развиени одново* | | | *1* | *1* | *ЦКЕИ* |
| | | ***6.3.2.2*** *% од курикулумот усогласен со новата правна рамка или трендови* | | | *100%* | *100%* | *ЦКЕИ* |
| | **6.3.3** Развивање и спроведување на програми за обука | ***6.3.3.1*** *Број на усвоени програми за обука на различните чинители во изборите* | *1* | | *1* | *1* | *ЦКЕИ* |
| | | ***6.3.3.2*** *Број на одржани обуки* | *3* | | *3* | *3* | *ЦКЕИ* |
| | | ***6.3.3.3*** *Број на учеснички/ци на обуките, сегрегирани според пол* | *60 (30 м и 30 ж)* | | *60 (30 м и 30 ж)* | *60 (30 м и 30 ж)* | *ЦКЕИ* |
| | **6.3.4** Воведување на механизми за следење и евалуација на обуките | ***6.3.4.1*** *Просек на подобрување на знаењата и вештините според спроведени мерења пред и по обука* | | | | | *ЦКЕИ* |
| | | ***6.3.4.2*** *% на задоволни учеснички/ци според спроведена евалуација на крајот на обуките* | *60%* | | *65%* | *70%* | *ЦКЕИ* |

| | | | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Цел 6.4** Унапредување на едукацијата на граѓаните и гласачите | **6.4.1** Спроведување на анализа на потребите и сегментирање на различните целни групи (млади, жени, гласачи за прв пат, рурални средини, лица со попреченост итн.) | ***6.4.1.1*** *Број на спроведени анкети, консултации или фокус групи* | | | *1 анкета 10 фокус групи* | | *ЦКЕИ* |
| | | ***6.4.1.2*** *Број на идентификувани целни групи со различни потреби за едукација* | | | *3* | | *ЦКЕИ* |
| | **6.4.2** Развивање и дисеминација на едукативни материјали | ***6.4.2.1*** *Број на развиени едукативни материјали (видеа, брошури, е-курсеви, флаери, постери)* | *10* | | | | *ЦКЕИ* |
| | | ***6.4.2.2*** *Број на дисеминирани флаери, брошури, постери* | *10 000* | | | *10 000* | *ЦКЕИ* |
| | | ***6.4.2.3*** *Број на прегледи на видеата поставени онлајн* | *20 000* | | | *20 000* | *ЦКЕИ* |

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 7:**
ТРАНСПАРЕНТНОСТ, ИНКЛУЗИВНОСТ И ИНФОРМИРАЊЕ

| ЦЕЛ | АКТИВНОСТ | ИНДИКАТОРИ | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ (ОДРЕДНИЦИ) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | ОДГОВОРНОСТ |
| **Цел 7.1** Унапредување на информираноста на јавноста за работата на ДИК | **7.1.1** Развивање на комуникациска стратегија на ДИК | ***7.1.1.1*** *Развиена стратегија* | ✓ *(К1)* | | | | *Сектор за континуирани обуки, односи со јавност и меѓународна соработка* |
| | **7.1.2** Запознавање на вработените во ДИК со изготвената комуникациска стратегија | ***7.1.2.1*** *Број на одржани презентации* | *1* | | | | |
| | **7.1.3** Запознавање на изборната администрација со изготвената комуникациска стратегија | ***7.1.3.1*** *Број на одржани презентации (во рамките на обуките за обучувачи)* | *5* | | | | |
| | **7.1.4** Објавување на комуникациската стратегија на web страницата на ДИК | ***7.1.4.1*** *Објавена комуникациска стратегија* | ✓ | | | | |
| | **7.1.5** Употреба на press clipping | ***7.1.5.1*** *Изготвен извештај за press clipping на месечна основа* | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | |
| | **7.1.6** Назначување на гласноговорник на ДИК | ***7.1.6.1*** *Донесена Одлука за назначување на гласноговорник на ДИК* | ✓ | | | | |

| | | | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Цел 7.2** Унапредување на активната транспарентност на ДИК | **7.2.1** Примена на разновидни начини на информирање на јавноста (учество во емисии, брифинзи на медиуми, учество на изборен караван) | ***7.2.1.1*** *Број на гостувања на емисии* | *12* | *3* | *3* | *15* | *Сектор за континуирани обуки, односи со јавност и меѓународна соработка* |
| | | ***7.2.1.2*** *Број на брифинзи за медиуми* | *3* | *3* | *3* | *3* | |
| | | ***7.2.1.3*** *Број на посетени општини преку учество во изборен караван* | *10 урбани 10 рурални* | | | *10 урбани 12 руралн* | |
| | **7.2.2** Објавување на веб страната на Годишните извештаи за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (ЗСПИЈК), Упатство за начинот и постапката за спроведување на ЗСПИЈК, Одлука за утврдување на надоместок за материјалните трошоци за дадената информација од имателите на информации 2006, Дополнување на Одлуката за утврдување на надоместок на материјалните трошоци 2017, Барање за пристап до информации од јавен карактер, Образец за жалба | ***7.2.2.1*** *Објавен годишен извештај за спроведување на ЗСПИЈК* | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | |
| | | ***7.2.2.2*** *Објавен ЗСПИЈК* | ✓ | | | | |
| | | ***7.2.2.3*** *Објавено Упатство за начинот и постапката за спроведување на ЗСПИЈК* | ✓ | | | | |
| | | ***7.2.2.4*** *Објавена Одлука за утврдување на надоместок за материјалните трошоци за дадената информација од имателите на информации 2006* | ✓ | | | | |
| | | ***7.2.2.5*** *Дополнување на Одлуката за утврдување на надоместок на материјалните трошоци 2017* | ✓ | | | | |
| | | ***7.2.2.6*** *Објавен формулар за Барање за пристап до информации од јавен карактер* | ✓ | | | | |
| | | ***7.2.2.7*** *Објавен Образец за жалба* | ✓ | | | | |

| | | | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **7.2.3** Редовно ажурирање на календарот на ДИК | ***7.2.3.1*** *Број на ажурирања на календарот* | *12* | *12* | *12* | *12* | |
| **Цел 7.3** Подобрување на инклузивноста во информирањето | **7.3.1** Прилагодување на начинот на пренесување на информациите до различни категории на граѓани (млади, лица со попреченост, стари и изнемоштени лица, болни и немоќни лица, население од рурални средини) | ***7.3.1.1*** *Број на објави на социјални мрежи (facebook, Instagram)* | *1 објава на неделно ниво вон избори и 5 објави неделно во избори* | *1 објава на неделно ниво* | *1 објава на неделно ниво* | *1 објава на неделно ниво вон избори и 5 објави неделно во избори* | *Сектор за континуирани обуки, односи со јавност и меѓународна соработка* |
| | | ***7.3.1.2*** *Број на старски домови во кои е дистрибуиран едукативен материјал* | *Сите старски домови кадешто се пријавени гласачи* | | | *Сите старски домови кадешто се пријавени гласачи* | |
| | | ***7.3.1.3*** *Седници на ДИК толкувани на знаковен јазик за време на избори* | ✔ | | | ✔ | |
| | | ***7.3.1.4*** *Број на рурални општини каде е дистрибуиран едукативен материјал* | *10 рурални општини* | | | *12 рурални општини* | |
| | | ***7.3.1.5*** *Број на казнено поправни домови каде е дистрибуиран едукативен материјал* | *14 КПД* | | | *14 КПД* | |
| | | ***7.3.1.6*** *Број на едукативен материјал поделен на болни и немоќни лица* | *80* | | | *80* | |

| | | | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Цел 7.4** Зајакнување на соработката со академската заедница, здруженија и фондации и меѓународни организации | **7.4.1** Склучување на меморандуми за соработка | ***7.4.1.1*** *Број на склучени меморандуми за соработка* | *1* | *1* | *1* | *1* | *Сектор за континуирани обуки, односи со јавност и меѓународна соработка* |
| | **7.4.2** Учество на ДИК на настани организирани од страна на здруженија, фондации, академската заедница и други релевантни чинители | ***7.4.2.1*** *Број на настани на кои учествува ДИК* | *3* | *5* | *5* | *5* | |
| | **7.4.3** Организирање на информативни и консултативни средби со академската заедница, здруженија и фондации | ***7.4.3.1*** *Број на организирани информативни и консултативни средби* | *3* | *3* | *3* | *3* | |
| | | ***7.4.3.2*** *Генерирани предлози и препораки како резултат на консултативните средби* | *1* | *1* | *1* | *1* | |
| | **7.4.4** Учество на обуки организирани од меѓународни организации | ***7.4.4.1*** *Број на обуки на кои присуствувале членови и вработени во ДИК* | *1* | *2* | *2* | *1* | |
| | **7.4.5** Учество на конференции/трибини организирани од меѓународни организации/институции | ***7.4.5.1*** *Број на конференции/трибини на кои учествуваат членовите на ДИК и вработените во ДИК* | *3* | *4* | *4* | *3* | |
| | **7.4.6** Набљудување на избори во други држави | ***7.4.6.1*** *Број на избори на кои како набљудувачи присуствувале членовите на ДИК и вработените* | *1* | *3* | *3* | *1* | |

| | | | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **7.4.7** Зачленување или вмрежување во меѓународни тела кои делуваат во областа на изборни системи / процеси | ***7.4.7.1*** *Број на меѓународни тела во кои е зачленета /вмрежена ДИК* | *1* | | | | |
| **Цел 7.5** Информираност на граѓаните за текот на изборите на изборниот ден и избирачките места | **7.5.1** Овозможување на непречено информирање на јавноста од страна на медиумите на денот на изборите | ***7.5.1.1*** *% на одговор на реакции/поплаки од новинари за спречување на нивната дејност на ден на избори (од вкупниот број на добиени реакции/ поплаки од новинари)* | *100 %* | | | *100 %* | *Сектор за континуирани обуки, односи со јавност и меѓународна соработка* |

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 8:**
**ЕФИКАСНО УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ, ДОКУМЕНТИ, РИЗИЦИ И ПРОЦЕСИ ПОВРЗАНИ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

| ЦЕЛ | АКТИВНОСТ | ИНДИКАТОРИ | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ (ОДРЕДНИЦИ) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **2025** | **2026** | **2027** | **2028** | **ОДГОВОРНОСТ** |
| **Цел 8.1** Управување со квалитет | **8.1.1** Развивање, ревидирање и спроведување на процедурите за внатрешните процеси согласно воведениот стандард ИСО 9001:2015 | ***8.1.1.1*** *Ревидирани процедури согласно потребите* | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Овластено лице одговорно за имплементирање на системот за управување со квалитет |
| | | ***8.1.1.2*** *Развиени нови процедури* | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | |
| | **8.1.2** Спроведување на препораките од ИСО проверките | ***8.1.2.1*** *% на спроведени препораки (од севкупниот број на дадени препораки во рамки на ИСО проверката)* | *100 %* | *100 %* | *100 %* | *100 %* | |
| | **8.1.3** Одржување на периодични состаноци | ***8.1.3.1*** *Број на одржани периодични состаноци* | *4* | *4* | *4* | *4* | *Генерален секретар* |
| **Цел 8.2** Подобрен внатрешен менаџмент | **8.2.1** Овозможување на целосно искористување и применување на ДМС | ***8.2.1.1*** *% на вработени во стручната служба и членови на ДИК кои учествувале на обука за запознавање со ДМС* | *100 %* | | | | *ДИК, ИТ сектор, Архива* |
| | **8.2.2** Подобрување на функционалноста на ДМС системот врз основа на искуството од примената | ***8.2.2.1*** *% на подобрени функционалности на ДМС системот (од севкупниот број на детектирани слабости во функционалноста)* | | | *100 %* | | |

| | | | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Цел 8.3** Подобрување на ефективноста во процесите на управување со ризикот, контролата и севкупното управување | **8.3.1**Спроведување на стратешкиот и годишниот план за внатрешна ревизија во ДИК | ***8.3.1.1*** *Спроведена ревизија* | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | *Самостојно одделение за внатрешна ревизија* |
| | | ***8.3.1.2*** *% на спроведени мерки (од севкупниот број препораки дадени во ревизорските извештаи)* | *100 %* | *100 %* | *100 %* | *100 %* | |
| **Цел 8.4** Воведување на електронски систем за управување со ЧР | **8.4.1** Развивање на електронски систем за управување со ЧР | ***8.4.1.1*** *Воведен електронски систем за управување со ЧР* | ✓ | | | | *Самостојно одделение за управување со ЧР* |
| | **8.4.2** Обука за примена на системот за управување со ЧР | ***8.4.2.1*** *% на обучени вработени лица од бројот на вработени во СОУЧР* | | | | | |

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 9:**
ЕФИКАСНИ ИТ ПРОЦЕСИ И СИСТЕМИ ВО ДИК

| ЦЕЛ | АКТИВНОСТ | ИНДИКАТОРИ | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ (ОДРЕДНИЦИ) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | ОДГОВОРНОСТ |
| **Цел 9.1** Зголемување на ефикасноста на исплата на ОИК и ИО | **9.1.1** Набавка на нов софтвер за исплата на ОИК и ИО | ***9.1.1.1*** *Набавен софтвер* | ✓ | | | | *ИТ сектор, Одговорно лице за јавни набавки, ДИК* |
| | **9.1.2** Обука на сектор за ИТ и ОИК, и сектор за финансии за користење на софтверот | ***9.1.2.1*** *% на обучени вработени (од вкупниот број на вработени во ИТ секторот на ДИК)* | *100 %* | | | | |
| | | ***9.1.2.2*** *% на обучени членови на ОИК (од вкупниот број на членови на ОИК)* | *100 %* | | | | |
| **Цел 9.2** Унапредување на пристапноста на веб страницата за слепи лица и лица со оштетен вид | **9.2.1** Пуштање во употреба на новата апликацијата за проверка на податоци во избирачки список | ***9.2.1.1*** *Пуштена во употреба* | ✓ | | | | *ИТ сектор* |
| **Цел 9.3** Одржување на веб страницата | **9.3.1** Набавка на услуга за одржување на веб страницата во поглед на безбедност, нови апдејтувања и сл. | ***9.3.1.1*** *Склучен договор за одржување* | ✓ | | | | |
| **Цел 9.4** Обезбедување на ИТ кадар | **9.4.1** Нови вработувања во ИТ секторот | ***9.4.3.1*** *Број на вработени лица* | *Согласно план за вработување* | | | | *ДИК, СОУЧР и ИТ сектор* |

| | | | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Цел 9.5** Подобрување на ИТ инфраструк-турата на ДИК | **9.5.1** Замена на стари десктоп на нови десктоп компјутери согласно анализа на состојба и потреба | ***9.5.1.1** Заменети стари компјутери* | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | *ДИК, ИТ сектор, одговорно лице за јавни набавки во координација со стручната работна група со надворешни експерти за ИКТ (СРГ)* |
| | **9.5.2** Замена на стари лап топ компјутери со нови лаптоп компјутери согласно анализата на состојба и потреба | ***9.5.2.1** Заменети стари лаптоп компјутери* | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | |
| | **9.5.3** Обезбедување на бекап опрема за снимање на седници | ***9.5.3.1** Обезбедена бекап опрема (лаптоп, кабли, софтвер)* | ✓ | | | | |
| | **9.5.4** Набавка на опрема за заштита од сајбер закани | ***9.5.4.1** Набавена опрема за заштита од сајбер закани* | | | ✓ | | |
| | **9.5.5** Обезбедување на простор за складирање и подготовка на УБИГ уредите | ***9.5.5.1** Обезбеден простор* | ✓ | | | | *ДИК* |
| | **9.5.6** Подобрување на серверска инфраструктура (проширување на систем за складирање на податоци) | ***9.5.6.1** Заменета и надградена старата серверска инфраструктура* | | ✓ | | | |
| | **9.5.7** Подобрување на мрежното поврзување на подрачните одделенија | ***9.5.7.1** % на подрачни одделенија во кои е заменет начинот на поврзување на подрачните одделенија* | | | ✓ | | *ИТ сектор, лице одговорно за јавни набавки и СРГ* |

| | | | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Цел 9.6** Зголемување на ИТ безбедноста | **9.6.1** Извршување на редовни безбедносни тестови и симулации на напади | ***9.6.1.1*** *Број на извршени пенетрациски тестови* | *1* | *1* | *1* | *1* | *ИК сектор, СРГ, тело за безбедност* |
| | **9.6.2** Спроведување на обуки за сајбер безбедност за сите вработени во стручната служба и членови на ДИК | ***9.6.2.1*** *% на вработени во службата и членови на ДИК кои ја поминале обуката (од вкупниот број вработени во СС и членови на ДИК)* | *100 %* | | *100 %* | | *ИТ сектор, СРГ, ДИК* |
| **Цел 9.7** Воспоставување на ефикасен систем за обезбедување на безбедност на обработка на личните податоци | **9.7.1** Поефикасно и поефективно применување на техничките и организациски мерки за обезбедување на безбедност на обработката на личните податоци | ***9.7.1.1*** *Преглед на успешноста на имплементација на веќе постоечките мерки и евентуална примена на нови мерки, согласно променетата околина за работа* | *1* | *1* | *1* | *1* | *Администратор на информациски систем, офицери за заштита на лични податоци, ИТ сектор, ДИК* |
| | | ***9.7.1.2*** *Извршена контрола од страна на Контролот (ДИК)* | *1* | *1* | *1* | *1* | |
| | | ***9.7.1.3*** *Ревизија на политиката и правилникот/ правилниците за заштита на личните податоци* | *1* | *1* | *1* | *1* | |
| | **9.7.2** Обуки за офицерите за заштита на личните податоци и вработените во ДИК за заштита на лични податоци | ***9.7.2.1*** *Број на одржани обуки за офицерите за заштита на личните податоци во ДИК* | *1* | *1* | *1* | *1* | |
| | | ***9.7.2.2*** *Број на одржани обуки за вработените во ДИК* | *1* | *1* | *1* | *1* | |

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 10:**
ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА ИЗБОРНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА, ГРАДЕЊЕ НА КУЛТУРА НА НЕТОЛЕРАНТНОСТ КОН КОРУПЦИЈА, ПРОЦЕНКА И ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈА

| ЦЕЛ | АКТИВНОСТ | ИНДИКАТОРИ | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ (ОДРЕДНИЦИ) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | ОДГОВОРНОСТ |
| **Цел 10.1** Унапредување на системот за јакнење на интегритет на изборите и изборната администрација | **10.1.1** Имплементирање, на стандардите од системот за интегритет и прилагодување на процесите во ДИК за јакнење на интегритетот | ***10.1.1.1*** *% на имплементирани стандарди од системот на интегритет според интерна проверка* | *80 % -100 %* | 80 % -100 % | 100 % | *100 %* | *Раководство, лица за интегритет, вработени во ДИК* |
| | | ***10.1.1.2*** *Спроведена контрола и мониторинг на примената на системот на интегритет* | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | *Лица за интегритет* |
| | | ***10.1.1.3*** *Ниво на примена на системот за интегритет според Извештајот од спроведениот екстерниот мониторинг (% на исполнетост)* | *80-100 %* | 80-100 % | 80-100 % | *80-100 %* | |
| | **10.1.2** Градење на капацитетите преку редовна едукација на раководството, лицата за интегритет, лицето за односи со јавност, вработените во ДИК и членовите на изборните органи за зајакнување на интегритетот и создавање на отпорност кон корупција | ***10.1.2.1*** *Број на обуки по лице од раководството на ДИК за системот на интегритет и борба против корупцијата* | *1* | *1* | *1* | *1* | *Раководство, лица за интегритет* |
| | | ***10.1.2.2*** *Број на обуки на лицата за интегритет во ДИК за системот на интегритет и борба против корупцијата* | *2* | *2* | *2* | *2* | *Раководство, лица за интегритет* |

| | | | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ***10.1.2.3** Број на обуки на лицето за односи со јавност во ДИК за системот на интегритет и борба против корупцијата* | *1* | *1* | *1* | *1* | *Раководство, лица за интегритет* |
| | | ***10.1.2.4** Број на обуки на вработените во ДИК за системот на интегритет и борба против корупцијата* | *1* | *1* | *1* | *1* | |
| | | ***10.1.2.5** Број на обуки на членовите на изборните органи за системот на интегритет и борба против корупцијата* | *1* | *0* | *0* | *1* | |
| **Цел 10.2** Воспоставување на систем за управување со ризици од корупција и развивање на план со мерки за справување со ризиците | **10.2.1** Идентификување на ризиците од корупција, спроведување на анализа и евалуација на ризиците и планирање на решенија и мерки | ***10.2.1.1** Изработен Регистар на ризици од корупција* | ✓ | | | | *Раководство, лица за интегритет, вработени во ДИК* |
| | | ***10.2.1.2** Евалуација на ризиците* | | ✓ | ✓ | ✓ | |
| | | ***10.2.1.3** Изработен план со решенија и мерки* | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | |
| | | ***10.2.1.4** Процент на имплементирани мерки (внесените таргети се кумулативни – за четиригодишен период)* | *40 %* | *60 %* | *80 %* | *100 %* | |

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 11:**
**ИНТЕГРИРАЊЕ НА РОДОВИТЕ АСПЕКТИ ВО АКТИВНОСТИТЕ НА ДИК**

| ЦЕЛ | АКТИВНОСТ | ИНДИКАТОРИ | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ (ОДРЕДНИЦИ) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | ОДГОВОРНОСТ |
| **Цел 11.1** Интегрирање на родовите аспекти во внатрешното функционира ње на ДИК | **11.1.1** Усвојување на акциски план за родова еднаквост | ***11.1.1.1*** *Усвоен акциски план за родова еднаквост* | ✓ | | | | *Државен советник за унапредување на родова еднаквост, ДИК* |
| | **11.1.2** Родово сензибилизирање и обуки за подигнување на свеста за родовите прашања | ***11.1.2.1*** *Број на одржани обуки* | *3* | *3* | *3* | *3* | |
| | | ***11.1.2.2*** *% на обучени вработени* | *100 %* | *100 %* | *100 %* | *100 %* | |
| | **11.1.3** Усвојување на политика за еднакви можности | ***11.1.3.1*** *Усвоена политика за еднакви можности* | ✓ | | | | |
| **Цел 11.2** Интегрирање на родовите аспекти во изборните активности на ДИК | **11.2.1** Прикажување на родово разделени податоци за изборниот процес (гласачи, кандидати, избрани, набљудувачи) | ***11.2.1.1*** *Број на категории на податоци што се прикажуваат како родово разделени* | *5* | *5* | *5* | *5* | |
| | **11.2.2** Склучување партнерства со ГО кои работат на родови прашања | ***11.2.2.1*** *Број на склучени партнерства* | *1* | *1* | *1* | *1* | |
| | | ***11.2.2.2*** *Број на заеднички настани* | *2* | *1* | *1* | *2* | |
| **Цел 11.3** Родово сензибилизира-ње за изборните процеси | **11.3.1** Развивање на родов портал | ***11.3.1.1*** *Развиен родов портал* | | ✓ | | | |
| | **11.3.2** Развивање и ажурирање на онлајн курсеви за родово сензибилизирање | ***11.3.2.1*** *Број на развиени/ ажурирани онлајн курсеви* | | *1* | *1* | | |

# 4 РАМКА И МЕХАНИЗМИ ЗА СЛЕДЕЊЕ И РЕВИЗИЈА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

За да се обезбеди континуирано и ефикасно следење на напредокот на остварувањето на целите од Стратешкиот план, покрај дефинираните цели, активности, индикатори и годишни одредници на стратешко ниво, ДИК ќе развие и детални годишни оперативни планови. Овие планови ќе ги опфатат специфичните цели и активности на годишно ниво, обезбедувајќи основа за целосна и навремена реализација на стратешките приоритети.

Во процесот на следење и евалуација на овие активности, ќе бидат спроведени следниве клучни мерки:

- Годишни извештаи за напредокот во спроведувањето на активностите од Стратешкиот план ќе бидат доставувани од секторите и одделенијата на ДИК до самостојното одделение за стратешко планирање и анализа. Овие извештаи ќе обезбедат длабински увид во степенот на постигнатите резултати и во тековната имплементација на стратешките цели.
- Годишни планови, подготвени на крајот од секоја година, ќе бидат доставени од страна на одговорните сектори и самостојни одделенија на ДИК до самостојното одделение за стратешко планирање, како дел од акциските планови на Стратешкиот план. Овие планови ќе дефинираат конкретни и детални активности за следната година, со утврдени рокови и јасно идентификувани партнери и засегнати страни кои ќе учествуваат во нивната реализација.
- Годишен извештај од самостојното одделение за стратешко планирање и анализа, кој ќе биде доставен до ДИК, ќе содржи проценка на напредокот во спроведувањето на Стратешкиот план и ќе изнесува препораки за активностите што треба да се реализираат во наредната година.

Методологијата за ревизија на Стратешкиот план ќе биде фокусирана на адаптација на акциските планови и на предложените приоритетни мерки, во согласност со ново излезените препораки и променливите потреби кои ќе се појават во текот на имплементацијата.

# 5 ПРИЛОЗИ

## ПРИНЦИПИ НА РАБОТА НА ДИК

| | | |
|---|---|---|
| 1. | **Транспарентност и одговорност** | ДИК се залага за отвореност во своите активности и одлуки, со што се обезбедува јасност и разбирање на изборните процеси за сите засегнати страни. Ова вклучува и одговорност за резултатите од овие процеси и одговорно користење на ресурсите. |
| 2. | **Непристрасност и интегритет** | ДИК ја одржува непристрасноста во своето работење, осигурувајќи дека сите активности се ослободени од политичка или каква било пристрасност. Интегритетот е клучен, бидејќи ја зајакнува довербата во институцијата и нејзината посветеност кон демократијата. |
| 3. | **Инклузивност и еднаквост** | ДИК се стреми да обезбеди еднакви можности за сите граѓани да учествуваат во изборниот процес. Ова вклучува адресирање на евентуалните пречки со кои се соочуваат различни категории на граѓани, како и промовирање на родова еднаквост и разновидност во сите изборни активности. |
| 4. | **Ефикасност и ефективност** | ДИК се стреми кон рационално управување со ресурсите и спроведување на активности со максимална ефикасност, со цел да се обезбеди навремен, прецизен и непречен изборен процес. Овој принцип е особено важен за одговорното користење на средствата, особено во рамките на родово-одговорното буџетирање и другите активности кои се фокусираат на ресурсите. |
| 5. | **Континуирано подобрување и иновација** | ДИК е посветена на развој на своите практики, интегрирање на модерни технологии и подобрување на процедурите преку прибирање и анализа на повратни информации, евалуации и стекнати искуства. Овој принцип е особено релевантен за подобрување на едукацијата на граѓаните и гласачите, како и за иницијативите за обука. |
| 6. | **Граѓанско учество и едукација** | ДИК ја вреднува проактивната ангажираност со граѓаните, со цел да ги едуцира и информира за изборниот процес, нивните права и обврски. Ова исто така вклучува промовирање на едукацијата на граѓаните и гласачите како основа за добро информирано гласачко тело. |

Овие принципи и помагаат на ДИК не само за насочување на стратешките активности, туку и за зајакнување на нејзиниот углед како транспарентна, непристрасна и граѓански ориентирана институција.

# ПАРТНЕРСТВА И СОРАБОТКА

При исполнување на законски определените надлежности, ДИК остварува партнерства и соработка, согласно Изборниот законик и базирана на доверба со сите чинители во изборниот процес, вклучувајќи ги пред сè:

- **Министерството за финансии** кое ги одобрува финансиските средства за спроведување избори и референдуми и за редовни активности на ДИК.
- **Министерството за правда,** Дирекција за извршување на санкции која доставува податоци за лица кои се на издржување на затворска казна или во притвор.
- **Основните судови,** кои доставуваат податоци за лица кои се во куќен притвор и лица кои имаат одземена деловна способност и за лица кои имаат вратена деловна способност.
- **Министерството за социјална политика, демографија и млади** доставува податоци за лица кои поднеле пријава за гласање во установи за вонсемејно згрижување.
- **Управата за водење на матични книги,** која доставува податоци за лица кои се починати.
- **Министерството за внатрешни работи** кое доставува податоци за изработка на избирачкиот список во текот на редовното ажурирање и кога се распишани избори. За време на изборите, исто така ја обезбедува безбедноста при дистрибуцијата на изборниот материјал, ги обезбедува избирачките места, го одржува јавниот ред и мир и врши заштита на транспорт на гласачките ливчиња од/до ОИК до/од ДИК.
- **Министерството за дигитална трансформација,** кое доставува список на вработените од јавната и државната администрација од кои се врши избор на членови на изборните органи ОИК и ИО.
- **Министерството за надворешни работи** со кое се остварува соработка поврзана за гласањето во дијаспората - обезбедување на просторна и техничка поддршка при спроведување на гласањето во дипломатско - конзуларните претставништва и конзуларните канцеларии, дистрибуција на материјали, собирање на потписи, јавен увид во Избирачкиот список, пријави за гласање и др.
- **Државната комисија за спречување на корупција,** која врши проверка и ги објавува финансиските извештаи добиени од политичките партии.
- **Државниот завод за статистика,** кој обезбедува помош и поддршка при методолошко – техничката обработката на податоци за изработка на избирачкиот список и ги распределува гласачите според избирачки места.
- **Министерството за одбрана** кое врши обезбедување на УБИГ, и по потреба обезбедување на товарни и теренски возила за тешко пристапни гласачки места.

- **Државниот завод за ревизија,** кој врши ревизија на финансиските извештаи на политичките партии и ги објавува финансиските извештаи на својата веб страница.
- **Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** која носи методологија за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси и електронските медиуми (интернет порталите) за време на изборните процеси и врши мониторинг на програмската шема на медиумите и доставува извештаи за реализираното ППП врз основа на што ДИК ја врши исплатата на медиумите, освен порталите.
- **Единиците на локална самоуправа** кои обезбедуваат материјални и технички услови за работа на ОИК, обезбедуваат и исплата на финансиски надоместок за работа на членовите на ОИК и ИО за спроведување на локални избори.
- **Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС)** за координација и информирање на единиците на локална самоуправа.
- **Медиумите,** пред сè јавниот радио-дифузен сервис МРТ, кој има законска обврска за објавување информации од јавен карактер, соработката е во делот на информирање и едукација на граѓаните преку навремено објавување на податоци на програмите на МРТ, пред се тоа се информативни и образовни содржини во вид на аудио и видео спотови, информации и друго за опис на избирачки места, постапка за увид во избирачки список, права на граѓаните и заштита на избир
- **Управниот суд,** кој, како второстепен орган, преку ДИК ги обезбедува потребните податоци за одлучување во постапки по поднесени тужби за заштита на избирачко право и изборни неправилности.
- **Политичките партии**, кои доставуваат предлози за составување на избирачките одбори со лица предложени од политичките партии, и за регистрирање кандидати во текот на изборите. Поднесуваат и приговори за избирачкиот процес.
- **Граѓанските организации,** кои поднесуваат барања за издавање акредитации за набљудување на изборите, и придржување до правилата за набљудувачите
- **Меѓународните организации и институции** во кои ДИК е член и/или со кои разменува информации (ОБСЕ/ ОДИХР, Венецијанската комисија, ИФЕС и др.).

# ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ

**1. Гласачи**

Најшироката целна група, чие учество, знаење и доверба во изборниот процес се од суштинско значење за легитимни и демократски избори..

**2. Политички партии и кандидати**

Политичките партии и независните кандидати се директно вклучени во изборниот процес, претставувајќи ги интересите и потребите на различни општествени категории. Тие имаат потреба од еднаков пристап до можности за кампања, информации и транспарентност во процесите на броење на гласовите и објавување на резултатите.

**3. Изборни органи – општински изборни комисии, изборна комисија на Градот Скопје и избирачки одбори**

Надлежностите на изборните органи се строго определени со Изборниот законик. Од нивното спроведување зависи и кредибилитетот на изборниот процес.

**4. Граѓански организации**

Граѓанските организации, вклучувајќи ги оние фокусирани на човекови права и демократија, често имаат улоги во набљудување на изборите, едукација на гласачите и застапување на различни интересни групи. Тие поттикнуваат на обезбедување инклузивност, транспарентност и отчетност во изборниот процес.

**5. Медиуми**

Како главен извор на информации, медиумите играат клучна улога во информирање на јавноста за прашања поврзани со изборите, кандидатите и политиките. Тие исто така служат како контролори, промовирајќи транспарентност и истакнувајќи какви било нерегуларности или злоупотреби во изборниот процес.

**6. Меѓународни организации и набљудувачи**

Меѓународните организации и мисиите за набљудување на изборите можат да обезбедат непристрасна проценка на кредибилитетот на изборите. Тие исто така можат да понудат техничка помош, особено во поддршка на реформите и обезбедување усогласеност со меѓународните стандарди.

**7. Судство**

Управниот суд има клучна улога во конечното одлучување по приговори за заштита на избирачкото прави и обезбедување праведна примена на изборното законодавство. Основните судови ги штитат правата на засегнатите страни и го одржуваат интегритетот на изборниот процес.

**8. Ранливи и маргинализирани групи**

Посебно внимание се посветува на обезбедување дека маргинализираните групи, вклучувајќи припадници на различни етнички заедници, лица со попреченост, млади и рурално население, можат целосно да учествуваат на изборите. Родово-сензитивниот пристап е исто така важен, бидејќи ја подобрува застапеноста и ангажманот на жените низ целиот изборен процес.

Препознавањето и вклучувањето на овие целни групи во Стратешкиот план ќе осигура дека во стратегијата на ДИК дека се вклучени различни перспективи и ќе помогне во градење доверба и соработка низ целиот изборен циклус.

# ВРЕДНОСТИ КОИ ГИ ЗАСТАПУВА ДИК

| | |
|---|---|
| **Независност** | ДИК во своето работење постапува и одлучува независно и самостојно. Основана е со Изборниот законик а средствата за работа на ДИК се обезбедуваат од буџетот на Република Северна Македонија. Со средствата ДИК располага самостојно. Претседателот, потпретседателот и членовите на ДИК ги избира Собранието со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. За вршење на стручни, административни, организациони и технички работи на ДИК, е формирана стручна служба. |
| **Стручност и професионалност** | Членовите на ДИК се избираат согласно Изборниот законик. Вработените во стручната служба на ДИК имаат статус на државни службеници. Во своето работење ДИК се раководи согласно Уставот, законите и општоприфатените меѓународни стандарди, конвенции и добрите практики во изборите. Членовите на ДИК и стручната служба практикуваат објективен пристап во нивното делување. Стручните квалификации на вработените се во согласност со потребите за остварување на дејноста на институцијата. Како највисок изборен орган ДИК се грижи за законитоста во подготовката и спроведување на изборите во согласност со Изборниот законик и врши надзор над работата на останатите изборни органи. |
| **Транспарентност** | Работата на ДИК е транспарентна и отворена за јавноста. Седниците на ДИК се јавни и се пренесуваат директно на Youtube каналот на ДИК. Веб страната на ДИК, www.sec.mk редовно се ажурира. ДИК користи различни канали за информирање на јавноста со цел информациите да бидат полесно достапни до секоја целна група. Се практикува директна и индиректна комуникација со граѓаните. Се применува отворен пристап во комуникација со граѓаните. Информациите се споделуваат на јасен и лесно разбирлив начин. Се почитува ДИК е отворена за соработка со граѓанскиот сектор и меѓународните организации и институции. |

| | |
|---|---|
| **Интегритет** | Членовите на ДИК и вработените во стручната служба на ДИК применуваат законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно работење преку кое го чуваат својот личен и професионален углед и угледот на институцијата во кои се избрани односно вработени. Преку системот за интегритет ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција а со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавната функција и работа во ДИК. |
| **Непристрасност** | ДИК одлучува самостојно, непристрасно, според утврдени факти, согласно законските одредби и подзаконските акти. ДИК одговорно и навремено ги презема и спроведува сите потребни дејствија и активности неопходни за носење на законски одлуки. |
| **Одговорност** | ДИК редовно спроведува само-евалуирање, со цел унапредување на изборниот процес. На тој начин се зголемуваат ефикасноста и ефективноста, се надминуваат евентуалните недостатоци. Навремено и прецизно се носат одлуки и применуваат решенија строго почитувајќи ги законските норми. Сите постапки кои се однесуваат на изборни дејствија се преземаат соодветно на законски поставените рокови. Се почитуваат и потребите на општата јавност и целните групи при спроведување на политиките. При организирање на изборите, ДИК ги применува и општоприфатените стандарди, конвенциите за изборните прашања и меѓународно признатите добри практики. |
| **Инклузивност** | Работата на ДИК е јавна и отворена за сите учесници и набљудувачи во изборниот процес. При креирањето на своите политики, ДИК соработува со другите државни органи и институции, со меѓународните институции и организации и соработка со невладиниот сектор со цел обезбедување инклузивност во процесот. Постапувањето и информирањето се одвиваат на начин кој е концизен, лесно разбирлив и достапен до различни категории на граѓани. |

# 6 ПРАВНА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА НА ДИК

Државната изборна комисија е формирана врз основа на Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија", број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17,125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија", број 98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24 и 76/24) со кој е регулиран и уреден начинот на избор на членовите на комисијата, надлежноста, формирање на Стручна служба, начин, услови и постапка за спроведување на избор за претседател на Република Северна Македонија, избор на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, избор на членови на советите на општините и избор на градоначалници на општините и градоначалник на Град Скопје, начинот и постапката на евидентирање на избирачкото право, водење на Избирачкиот список, определување на границите на изборните единици и утврдувањето, менувањето и објавувањето на избирачките места, условите за функционирање на избирачките места, како и начинот за избор и работа на изборните органи.

Во декември 2022 година се усвои новиот Деловник на Државната изборна комисија бр.01-2772/1 од 30.12.2022 година каде е уреден начинот на работа и одлучување на комисијата, организирање и одржување на седници, права и должности на претседателот, потпретседателот и членовите на комисијата и генералниот секретар, раководење со Стручната служба, акти на комисијата, јавност и транспарентност во работата.

Врз основа на член 31 став 2 точка 27 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија", број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17,125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија", број 98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24 и 76/24) Државната изборна комисија има: Правилник за внатрешна организација и делокруг на работа на Стручната служба на Државната изборна комисија, број 01-135/1 на 14. 03. 2008 година, број 02- 3991/1 од 14. 09. 2009 година, број 02- 3991/8 од 22. 12. 2009 година, 01-297/1 од 22.02.2011 година и нов Правилник за внатрешна организација и делокруг на работа на Стручната служба на Државната изборна комисија 04-2903/2 од 07.11.2019 година; Правилник за систематизација на работните места во стручната служба на Државната изборна комисија, бр. 01-1534/1 од 15.102015 година и Правилник за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во стручната служба на Државната изборна комисија, бр. 01-219/1 од 26.01.2016 година, нов Правилник за систематизација на работните места во стручната служба на Државната изборна комисија, бр. 04-2903/3 од 07.11.2019 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места, број 04-347/3 од 01.03.2021 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места, број 04-1507/1 од 30.07.2021 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места, број 04-1348/1 од 03.06.2022 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места, број 04-2074/1 од 05.09.2022 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места, број 04-1406/1 од 30.08.2023 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места, број 04-202/1 од 24.01.2024 година.

Во овој правилник се утврдени и опишани работните места на административните службеници (државни) и помошно – технички лица, распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на стручната служба на Државната изборна комисија.

## ОРГАНОГРАМ НА ВНАТРЕШНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА СТРУЧНА СЛУЖБА НА ДИК




Во централната канцеларија на ДИК во Скопје се вработени 26 административни службеници на неопределено време додека пак во подрачните одделенија се вработени 52 административни службеници на неопределено време.

ДРЖАВНА
ИЗБОРНА
КОМИСИЈА



Мапа на подрачни одделенија и канцеларии со листа на подрачни одделенија и канцеларии:

1. Подрачно одделение Центар и канцеларија во општина Аеродром, со надлежност за општините: Центар и Аеродром,
2. Подрачно одделение Кисела Вода и канцеларија во општина Зелениково, со надлежност за општините: Кисела Вода, Сопиште, Студеничани и Зелениково,
3. Подрачно одделение Карпош и канцеларии во општините Ѓорче Петров и Сарај, со надлежност за општините: Карпош, Ѓорче Петров и Сарај,
4. Подрачно одделение Чаир со надлежност за општината Чаир,
5. Подрачно одделение Бутел и канцеларија во општина Шуто Оризари, со надлежност за општините: Бутел, Шуто Оризари и Чучер Сандево,
6. Подрачно одделение Гази Баба и канцеларии во општините Арачиново и Петровец, со надлежност за општините: Гази Баба, Арачиново, Илинден и Петровец,
7. Подрачно одделение Куманово и канцеларии во општините Крива Паланка, Кратово и Липково, со надлежност за општините: Куманово, Крива Паланка, Кратово, Старо Нагоричане, Ранковци и Липково,
8. Подрачно одделение Штип и канцеларии во општините Свети Николе и Пробиштип, со надлежност за општините: Штип, Свети Николе, Пробиштип, Карбинци и Лозово,
9. Подрачно одделение Велес и канцеларии во општините Кавадарци и Неготино, со надлежност за општините: Велес, Чашка, Градско, Кавадарци, Росоман, Неготино и Демир Капија,
10. Подрачно одделение Кочани и канцеларија во општината Виница, со надлежност за општините: Кочани, Виница, Чешиново - Облешево и Зрновци,
11. Подрачно одделение Берово и канцеларија во општината Делчево, со надлежност за општините: Берово, Пехчево, Делчево и Македонска Каменица,
12. 12. Подрачно одделение Струмица и канцеларија во општина Радовиш, со надлежност за општините: Струмица, Василево, Босилово, Ново Село, Радовиш и Конче,
13. Подрачно одделение Прилеп и канцеларија во општина Крушево, со надлежност за општините: Прилеп, Крушево, Кривогаштани и Долнени,
14. Подрачно одделение Гевгелија и канцеларија во општина Валандово, со надлежност за општините: Гевгелија, Валандово, Дојран и Богданци,
15. Подрачно одделение Битола и канцеларии во општините Ресен и Демир Хисар, со надлежност за општините: Битола, Ресен, Демир Хисар, Могила и Новаци,
16. Подрачно одделение Охрид со надлежност за општините: Охрид и Дебарца
17. Подрачно одделение Кичево и канцеларија во општина Македонски Брод, со надлежност за општините: Кичево, Македонски Брод и Пласница,
18. Подрачно одделение Струга и канцеларија во општина Дебар, со надлежност за општините: Струга, Дебар, Вевчани и Центар Жупа,
19. Подрачно одделение Гостивар и канцеларии во општините Врапчиште и Маврово и Ростуше, со надлежност за општините: Гостивар, Врапчиште и Маврово и Ростуше,
20. Подрачно одделение Тетово и канцеларии во општините Јегуновце и Боговиње, со надлежност за општините: Тетово, Боговиње, Брвеница, Желино, Теарце и Јегуновце

Бр. 20-4536/1
26.12.2024 год.

Државна изборна комисија
Претседател
Борис Кондарко

ДРЖАВНА
ИЗБОРНА
КОМИСИЈА